# ИСТОРИЈАТ

Училиштето е изградено во 1982 год., основано од Општинското Собрание на Општина ,,Кисела Вода“- Скопје.
Првото име на училиштето е „Едвард Кардељ“ кое на 1. септември 1983 година во нов објект на територија на тогашната Општина Кисела Вода, град Скопје ги примило првите ученици дури по 9 (девет) паралелки во генерација со над 2000 ученика, со вкупно 105 вработени наставници и како прв директор на училиштето Вера Кузманова.

Името училиштето го добива по тогаш истакнатиот југословенски политичар и народен херој на Југославија - Едвард Кардељ (1910 - 1979). Тој завршил граѓанска школа, се запишал на учителска школа, која ја завршил во 1929 година. Во 1941 бил еден од основачите на Ослободителниот фронт во Словенија и потпретседател на неговиот извршен одбор. На второто заседание на АВНОЈ во Јајце е избран во Претседателството на АВНОЈ и именуван за потпретседател на Националниот комитет за ослободување на Југославија. Тој е еден од творците на историските одлуки донесени на заседанието на АВНОЈ во Јајце. Кардељ бил еден од најважните личности во СФРЈ и поседувал чин генерал -потполковник во ЈНА.

Со распаѓањето на СФРЈ 1991/92 година и осамостујувањето на Република Македонија многу од институциите биле преименувани исто и нашето училиште од ОУ „Едвард Кардељ“ во 1993 год. се преименува во ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ по македонски писател на кратки дела, културно-национална дејност како учебникар, лексикограф, граматичар, поет, фолклорист, етнограф и историчар и воен водач, (роден 1817, Галичник - 13 февруари 1893, Софија)
Ѓорѓија Пулевски е автор на првата печатена македонска граматика и автор на еден од првите речници на македонски јазик. Речник на четири јазици - речник на македонски, албански, турски и грчки јазик што го напишал Ѓорѓија Пулевски, бил печатен во Државната печатница во Белград и издаден во 1873 година. Преводите на албански, на турски и грчки јазик се дадени со кириличен превод, па ова е една од ретките книги со кирилично претставување на албанскиот и турскиот јазик. Ова дело претставува ран обид на Пулевски да го документира и претстави македонскиот јазик во повеќејазична рамка, одразувајќи ја неговата посветеност на македонскиот јазичен и културен идентитет.
Речник од три језика - речник на македонски, албански и турски јазик. Објавена во Белград во 1875 г. Ова дело е особено значајно поради јасната концепција и отворено изнесената идеја за татковината Македонија, за македонскиот народ и македонскиот јазик како посебни во словенскиот свет.

Училиштето се протега на површина на дворот 11.757м$^2$ и површина на училишната објектот 4915 м$^2$ . Во склоп на училишната зграда има 31 училница, со дополнителни кабинети, наставничка канцеларија и 5 канцеларии на стручна и правна служба, директорска канцеларија, фискултурна сала, со две соблекувални и помошни простории за

наставниот кадар, простран училишен хол, кујна и трпезарија и 16 санитарни чворови. Во училишниот двор се наоѓаат еден терен за фудбал и еден терен за кошарка, како и хортикултурни уредени површини. Во нашиот двор е сместен и модерно организиран сообраќаен полигон за велосипеди, кој е единствен во државата, од таа причина нашето училиште со децении е организатор за овој тип на натпревари. Исто така заради пространиот хол често е домаќин на хорски и оркестарски смотри и натпревари како на општинско, градско и државно ниво.

Училиштето често е реновирано и тоа: училниците, фискултурната сала, санитарните чворови - тоалетите, игралиштата во дворот, инсталацијата за водовод и толинска енергија - парно, надградени се панели за електрична енергија, вградени се проектори, паметни табли, прочистувачи на воздух.

Во 2004 година за прв пат во училиштето е воведен предметот информатика и конструиран е кабинет по информатика.

Во 2014 година беше отворен уште еден кабинет за информатика за одделенска настава.

Во меѓувреме училиштето беше опремено со мали лаптопчиња за одделенска настава, и компјутер за секое дете во секоја училница.

Од 2023 година секое дете ученик во четврто одделение добива личен таблет за потребите во наставата, донирано од општината.

Во училиштето се едуцирале илјадници ученици кои во својот личен и професионален живот имаат постигнато многу успеси и биле амбасадори не само на нашето училиште туку на нашиот град и држава. Попознати се Г-дин.Симон Трпчевски,

Исто така и многу од наставниот кадар ова училиште претставувало отскочна даска за растот во нивната кариера. Многумина од нив се испектори во Државниот просветен инспекторат, службеници во Министерството за образование, Бирото на образованието на РМ, општини, дрги институции, директори на основни и средни училишта, професори на државни и приватни факултети.

Во досегашната работа на училиштето раководеле следните директори и вршители на должност директори:

Дир. Вера Кузманова,
Дир. Милош Илиоски,
Дир. Душанка Кирјанова,
В.Д.Дир. Благица Воиновска,
В.Д.Дир. Магдалена Чоровска,
Дир. Натка Џиковска,
В.Д.Дир. Марија Тодоровска,
Дир. Јулија Петроска
В.Д.Дир. Стевче Василевски,
В.Д.Дир. Пенка Неделковска,
В.Д.Дир. Снежана Гајтановска,
В.Д.Дир. Загорка Ристовска,
Дир. Милка Тримчевска,
В.Д.Дир. Фоника Станоева,
Дир. Александар Филипчев,

Дир.  Марјан Јовановски,
В.Д.Дир. Ана Стамболиска,
Дир. Марјан Јовановски,
В.Д.Дир.  Ирина Николовска,
Дир. Александар Филипчев,
В.Д.Дир. Ирина Николовска.